# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 13 Година III, 14.04. 2010 г.




















## ЕДНА ГОДИНА ЗА




# СКОПЈЕ




„СКОПЈЕ“

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил-адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани



***Почитувани сограѓани,***

Деновиве се заокружува една година од моето доаѓање на местото Градоначалник на Градот Скопје, година во којашто посветено, заедно со мојот тим, работевме на подобрување на условите за живеење во градот. Една година во којашто еден по еден почнавме да ги реализираме проектите предвидени во мојата изборна програма, проекти за коишто Вие, моите сограѓани, ми ја дадовте Вашата доверба.

Изминатава година, пред сѐ, ја посветивме на решавање на сообраќајните проблеми во градот. Првпат по десет години, во центарот на Скопје почна да се гради и проширува улица од витално значење, булеварот Илинден. Оваа значајна сообраќајница наесен ќе добие сосема нов лик, по две коловозни ленти во секоја насока, средишно зеленило и штедливо осветлување.

Нови коловозни ленти ќе добие и булеварот Србија, а го проширивме и булеварот Видое Смилевски-Бато. Изградбата на овие улици значително ќе го растовари сообраќајот во градот, а позитивните ефекти од завршените проекти скопјани долгорочно ќе ги чувствуваат. Поголемиот проток на сообраќајот овозможува и воведениот зелен бран на булеварите.

Го изградивме пристапниот пат од Волково кон обиколницата, а и селата Копаница и Рашче, од општината Сарај, ги поврзавме со асфалтен пат.

Велосипедската патека од Транспортниот центар до мостот „Близнак“ во Аеродром е продолжена за неколку километри. Ролерско-велосипедската патека од десната страна на кејот на реката Вардар е целосно завршена, а деновиве приврщува асфалтирањето на ролерско-велосипедската патека на левата страна на реката Вардар, на потегот од фабриката „Комуна“ до центарот на градот.

Во изминатава година се зафативме и со подобрување на хигиената во градот. Спроведовме голема акција за чистење на сите скопски општини, ги расчистивме дивите депонии и го уредивме зеленилото. За поефикасно собирање на отпадот од контејнерите набавивме шест нови возила за потребите на ЈП „Комунална хигиена“, а пристигнаа и нови возила и машини за ЈП „Паркови и зеленило“ за полесно поткастрување на високите гранки и за корнење на пенушките. Во голема акција го исчистивме и коритото на реката Вардар од наталожените отпадоци. Паднатите лисја, пак, собрани од јавните зелени површини, почнавме да ги компостираме за да добиеме природно квалитетно ѓубриво коешто повторно ќе се врати во градското зеленило, а ќе ни донесе и заштеда.

Ја воведовме практиката преку непосредни контакти со граѓаните да ги слушнеме нивните проблеми и да најдеме начин како поефикасно да ги решиме. Средбите со граѓаните во месните заедници ќе ги организираме и натаму.

Градскиот парк доби нова урбана опрема, клупи и корпи за отпадоци, зеленилото беше уредено со цветни рундели и целосно беше обновено платото пред споменикот на Гоце Делчев. Градот Скопје минатава година изгради и хортикултурно уреди средишни жардиниери со вкупна површина од 28.376 квадратни метри, а во должина од 6.469 метри. Воведовме нови содржини и во парк-шумата Гази Баба, а целосно ги реновиравме и двата видиковци на Водно.

Во текот на минатата година почнавме и завршивме неколку водоводни и канализациски мрежи коишто долгорочно ќе ги решат долгогодишните проблеми на граѓаните со водоснабдувањето и со канализацијата. Ја изградивме и ја пуштивме во употреба фекалната канализација од реката Вардар до населеното место Инџиково. Се гради и новата водоводна мрежа за населбата Маџари, а се менуваат водоводните цевки и во Горно и Долно Лисиче. За да се намалат загубите на вода во системот воведовме и водомери на далечинско отчитување, според најновите европски стандарди.

Минатата година киното „Милениум“ повторно ги отвори вратите за љубителите на филмот, а скопјани повторно добија свое, градско кино во коешто ќе се даваат светски филмски хитови. Целосно го реновиравме објектот на Детскиот културен центар „Карпош“. Во зградата на Младинскиот културен центар го отворивме првиот НВО-центар во градот со што ја потврдивме нашата одлична соработка со невладините организации. За корисниците на интернет, во Градскиот парк и во паркот „Жена борец“ воведовме бесплатен интернет...

Остварените ветувања и реализираните проекти само ја потврдуваат нашата посветеност да ги решаваме долгогодишните проблеми на граѓаните. Така и ќе продолжиме, ефикасно и посветено.

*Градоначалник на Град Скопје,*
**Коце Трајановски**



## ПОЧНА ПРОШИРУВАЊЕТО НА БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН

Градот Скопје ги почна градежните работи за проширување на булеварот Илинден од фонтаната „Лотосов цвет“ до крстосницата со улицата Рузвелтова. Ќе следува проширување на сообраќајницата од зградата на Владата на Република Македонија до фонтаната „Лотосов цвет“ и од улицата Рузвелтова до булеварот 8.Септември.

## УЛИЦАТА ПРВОМАЈСКА ЌЕ СТАНЕ БУЛЕВАР

Од семафорите кај „Усје“ до населбата Драчево улицата Првомајска ќе се прошири во булевар. Постапката за проширување на булеварот почна, а градежните работи ќе се одвиваат во етапи.





## ГРАДСКИОТ ПАРК ДОБИ НОВ ЛИК

Градскиот парк доби нов изглед. Досега се поставени 100 нови корпи за отпадоци во првиот дел на Градскиот парк и 50 корпи за отпадоци во вториот дел на паркот; поправени се и бојадисани клупите; исечени се старите и сувите дрвја коишто ја загрозуваа безбедноста на минувачите; спроведена е акција за сечење гранки и кроење на крошните на дрвјата; формирани се нови цветни бордури и засадени се нови насади од рози и друго сезонско цвеќе; поставени се столпчиња и рампи за да се спречи влегувањето на возила во Градскиот парк; поставена е бела ризла во првиот дел од паркот; исчистени се езерцата; во тек се градежните работи за подобрување на функционалноста и за покривање на водоснабдителниот канал за езерцата во паркот.

Денот на пролетта – 21 март, во Градскиот парк беше одбележан со голема еколошка акција во којашто беа засадени нови дрвца, се чистеше зеленилото, а беше исчистена и ролерско-велосипедската патека по должината на кејот.

Од јавните зелени површини во градот се исечени околу 1.000 стари и заболени дрвја, коишто ја загрозуваат безбедноста на минувачите. Засадени се 10.000 дрвја.

## СЕ ПРОШИРУВА БУЛЕВАРОТ СРБИЈА

Проширувањето на булеварот Србија се реализира според предвидената градежна динамика до реализација на целосната траса од 1.700 метри. По пробивањето на првите 700 метри од проширувањето на булеварот Србија, од крстосницата со булеварот Видое Смилевски Бато кон крстосницата со булеварот 3. Македонска бригада и асфалтирањето на површина од 5.500 квадратни метри, во изминатиов период се работеше на земјени ископи и на целосна реконструкција на крстосницата меѓу булеварите Србија – Трета Македонска бригада – 12 Македонска бригада.





## ЗА УБАВО СКОПЈЕ

Камени мост доби ново осветлување, проект што Градот Скопје го спроведе во соработка со Министерството за култура. Градот Скопје е во преговори со Министерството за култура за преземање на одржувањето на осветлувањето на Камени мост. Осветлен е и споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк.

## НОВИ КОЛОВОЗНИ ЛЕНТИ И ЗА БУЛЕВАРОТ ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО

Градот Скопје инвестираше 30 милиони денари за проширување на булеварот Видое Смилевски Бато во должина од 510 метри, на потегот од крстосницата со булеварот Србија до крстосницата со булеварот Февруарски поход.



## РЕНОВИРАНИ ВИДИКОВЦИТЕ НА ВОДНО

Целосно се реновирани и пуштени во употреба двата видиковци на Водно. Просторот е опремен со нови клупи и корпи за отпадоци, обновена е хоризонталната и вертикалната патна сигнализација, а поставена е и нова заштитна ограда.



## ЧИСТЕЊЕ НА КОРИТОТО НА ВАРДАР

Во јули 2009 година се организираше голема акција за чистење на коритото на реката Вардар. Акцијата ја спроведоа екипи на Градот Скопје, Министерството за транспорт и врски и скопските општини.



## ПРОДОЛЖУВА РЕВИТАЛИЗАЦИЈАТА НА ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА

Интензивно се градат нови живеалишта во Зоолошката градина, а некои од старите се реновираат. Животинскиот фонд ќе се збогати со нови егзотични животни.

## ЗАЖИВУВАЊЕ НА СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА

Манифестациите „Реоткривање на патеката на културата“ и „Пиволенд 2009“ ја раздвижија Старата скопска чаршија и привлекоа илјадници посетители.



## НОВИ ЖАРДИНИЕРИ НА БУЛЕВАРИТЕ

Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ ги уредија средишните жардиниери на булеварите Александар Македонски кон излезот на Скопје и на булеваротЈане Сандански. Нови жардиниери беа изградени и на булеварите Партизански одреди, 8.Септември, Кузман Јосифовски - Питу, Крсте Мисирков и на Христијан Тодоровски Карпош.

Во текот на 2009 година Градот Скопје изгради и хортикултурно уреди средишни жардиниери со вкупна површина од 28.376 квадратни метри, а во должина од 6.469 метри. Минатата година се обновени зелени површини во градот со вкупна површина од 44.428 квадратни метри.

## НОВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ДРИСЛА“

Формирано е ново јавно претпријатие „Дрисла“ коешто ќе работи според европските стандарди за депонирање и обработување на отпадот.



## ЗГРИЖУВАЊЕ НА УЛИЧНИТЕ КУЧИЊА

За подобрување на работењето на стационарот „Вардариште“ Градот Скопје изминатиов период набави ново возило за заловување улични кучиња, 10 нови кафези што ќе се користат при заловувањето, 10 нови јамки за заловување, 3 силиконски јамки за заловување, 3 мрежи со обрач и 3 мрежи со рачки. Зголемен е и бројот на персоналот во стационарот „Вардариште“. Се планира капацитетот на стационарот да се зголеми двојно.

Градот Скопје досега организира неколку акции за вдомување улични кучиња, третирани во стационарот.

## ЗАЕДНО ЗА ЧИСТО И ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ

Големата акција за чистење на Скопје под мотото „Заедно за чисто и зелено Скопје“ беше реализирана со голем успех. Масовната акција, иницирана од градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, беше спроведена во соработка со десетте скопски општини и јавните претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“, „Водовод и канализација“ и „Улици и патишта“. Во акцијата беа расчистени диви-



те депонии, поткастрени крошните на дрвјата, улиците изметени и измиени, а беа одзатнати и сливниците на атмосферската канализација.

## ”ЗЕЛЕН БРАН” НА НАЈФРЕКВЕНТНИТЕ УЛИЦИ

Воспоставен е зелен бран на булеваротГоце Делчев на потегот од сајмиштето до крстосницата кај МНТ. Координирано е работењето на 36 семафоризирани крстосници во градот.



## НОВИ КОНТЕЈНЕРИ И КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ

Во тек е набавка на 120 литарски канти преку кредит од Светската банка.

Претходно, како донација од Владата на РМ, добиени се 1.314 контејнери и 5.000 канти за селектирање отпад коишто беа доделени на ЈП „Комунална хигиена".



## НОВИ ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Велосипедската патека од Транспортниот центар до мостот „Близнак" во Аеродром е продолжена за неколку километри. Пуштена е во употреба и велосипедската патека по булеварите Јане Сандански и Кузман Јосифовски Питу до Транспортниот центар.

Ролерско-велосипедската патека од десната страна на кејот на реката Вардар е целосно завршена. Деновиве привршува асфалтирањето и уредувањето на ролерско-велосипедската патека на левата страна на реката Вардар, на потегот од фабриката „Комуна" до центарот на градот.



## ЗА ЗАШТИТА НА АКВАДУКТОТ

„Стратешки план за заштита и рехабилитација на археолошкиот локалитет и околината на римскиот аквадукт во Скопје" е насловот на проектот кој минатиот месец го почнаа Градот Скопје, Управата за заштита на културното наследство, Одделот за процесуирање просторни информации и Центарот за споменици од Католичкиот универзитет од Левен во Фландрија, Кралство Белгија. Стратешкиот план треба да ги идентификува вредностите на римскиот аквадукт и можностите за одржлив економски развој на неговата околина преку негова заштита и претставување пред пошироката јавност.



## ДОДЕЛУВАЊЕ САДНИЦИ

Градот Скопје на заинтересираните месни и урбани заедници им додели 4.000 садници во пролетната, традиционална, акција за доделување дрвца. Во есенската акција што се одржа минатата година, Градот Скопје на заинтересираните куќни совети, месни заедници, културни, здравствени, образовни и јавни установи, како и на верските објекти додели околу 3.200 садници од 35 вида зимзелени и листопадни дрвја.

## ЗАЖИВЕЈ ГО СКОПЈЕ, ЗАЖИВЕЈ ГО САРАЈ

Над 800 ученици од 21 средно училиште на Град Скопје на почетокот на октомври учествуваа во спортските натпревари што се одржаа во рамките на манифестацијата „ЗАЖИВЕЈ ГО СКОПЈЕ, ЗАЖИВЕЈ ГО САРАЈ", во спортско рекреативниот центар „Сарај". Крос, одбојка на песок, ракомет, кошарка и фудбал беа само дел од дисциплините во коишто се натпреваруваа скопските средношколци.



## ВОДОМЕРИ НА ДАЛЕЧИНСКО

Како една од мерките за намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем екипи на ЈП „Водовод и канализација" минатата година почнаа да поставуваат нов тип водомери со далечинско отчитување во скопските домаќинства. Овој проект на Градот Скопје и на ЈП „Водовод и канализација" значително го олеснува процесот на читање на водомерите, го намалува времето на читање и ги јавува дефектите на мрежата во домовите на граѓаните за да се спречи непотребното истекување вода.





# ЕДНА ГОДИНА ЗА СКОПЈЕ

**ПРОЕКТ: ЕКОНОМСКИ РАЗВИЕН ГРАД**

Одржана манифестацијата "Ден на претприемачот".

Организирани се две тематски работилници за унапредување на соработката со бизнис - заедницата.

Изработен е Акционен план за реализација на Стратегијата за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото во Скопје, за периодот 2009-2013 год.

Во тек се активности за заживување на соработката на еврорегионот Скопје-Ниш-Софија.

**ПРОЕКТ: ДИЈАЛОГОТ МЕЃУ БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА И ОБРАЗОВНИОТ СЕКТОР - СОСТОЈБИ И ПОТРЕБИ**

Одржана е средба на бизнис - заедницата со општините од Скопскиот плански регион. Истата беше организирано во соработка со Сојузот на стопански комори, Регионалната комора со седиште во Скопје и Стопанската комора на Северо-Западна Македонија.

**ПРОЕКТ: СКОПЈЕ - НОВИ СООБРАЌАЈНИ РЕШЕНИЈА**

Градот Скопје активно се вклучи во изработката на студијата за нови сообраќајни решенија во Скопје, што ја изработува ИДОМ од Шпанија.

**ПРОЕКТ: НОВ ЛУНА ПАРК ВО СКОПЈЕ**

Во тек е постапката за избор на консултант за спроведување на постапка за јавно-приватно партнерство, за изградба на Забавен парк во Скопје.

**ПРОЕКТ: ГАСИФИКАЦИЈА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Формирано е јавно претпријатие АД "Енергетика". Во тек е изработка на Студија за гасификација на Скопје којашто ќе ги понуди чекорите за воведување на гасификација.

**ПРОЕКТ: ИЗМЕНА НА ГУП ЗА СКОПЈЕ**

Почна процедура за изработка на нов Генерален Урбанистички План на Град Скопје. При крај е постапката за утврдување на границите на ГУП, а набргу ќе се распише тендер за проектирање на ГУП.

**ПРОЕКТ: ЌЕ СЕ РАЗГЛЕДА МОЖНОСТА ДА ПОЧНЕ ИЗГРАДБАТА НА ТРАМВАЈ**

Распишан е тендер за избор на консултант за изработка на студија за концесиски проект и подготовка на тендерски услови и склучување на концесиски договор.

**ПРОЕКТ: УБАВО СКОПЈЕ**

Во соработка со Министерство за култура и Владата на Република Македонија досега е пуштено во употреба новото осветлување на Камениот Мост, а направена е и илуминација на споменикот на Гоце Делчев.

**ПРОЕКТ: СОВРЕМЕНА ГРАДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**

Воведена е практика за редовни средби на граѓаните со градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, и со раководните лица од градската администрација.

**ПРОЕКТ: ОНЛАЈН-ДОСТАПНОСТ НА УСЛУГИТЕ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Во континуитет се работи на збогатување на содржините на официјалниот интернет портал на Град Скопје. Досега се изработени два интернет сајтови: НВО порта (www.skopje.gov.mk/nvo/) и интернет страницата на Координативно тело за употреба на дроги (www.skopje.gov.mk/ktd/), во две јазични верзии (МК, SQ).

**ПРОЕКТ: ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНИ И АКТИВНА СОРАБОТКА СО ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ**

Преку заедничка соработка на Град Скопје и скопските општини издејствувани се законски измени во врска со плаќањето








на долговите на Јавните претпријатија по основ на ДДВ.

**ПРОЕКТ:** ДИГИТАЛЕН КАТАСТАР НА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА

Град Скопје во текот на 2008-2010 создаде услови за внесување на просторните податоци од наведените ГИС субјекти во сопствената геобаза на податоци преку ГИС веб сервиси. Ќе следува потпишување на меморандуми за соработка со ГИС субјектите во Град Скопје и реализација на проектот во наведениот термин.

**ПРОЕКТ:** РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕКЛАМИРАЊЕТО НА БИЛБОРДИ

Распишан е тендер за избор на консултант за изработка на студија за концесиски проект и подготовка на тендерските услови и склучување концесиски договор.

**ПРОЕКТ:** НОВА ЛОКАЦИЈА ЗА ГРОБИШТА ВО СКОПЈЕ

Почната е процедурата за просторно и урбанистичко планирање на новопредвидените гробишта Коњски Рид. Изготвен е Детален урбанистички план којшто е во постапка за донесување.

**ПРОЕКТ:** ПРОШИРУВАЊЕ НА ГРОБИШТА ВО КАМНИК

Со цел да се овозможи проширување на постојните градски гробишта и да се одржи континуитет во нивното користење, досега за гробиштата во Камник откупено е земјиште и во тек е постапката за донесување нов ДУП.

За гробиштата во Ѓорче Петров, во рамките на ГУП обезбедено е проширување за околу 2,1 хектари, а претстои дополнително проширување за уште 1 хектар.

За гробиштата Бутел во фаза на донесување е нов ДУП со што ќе се овозможи проширување и на овие гробишта.

**ПРОЕКТ:** ПРОСТОРЕН ПЛАН НА СКОПСКИ РЕГИОН

Во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и скопските општини, почна изработката на Просторен план за Скопскиот регион којшто ќе ја даде идната проекција за Генералниот урбанистички план за Град Скопје.

**ПРОЕКТ:** МОНИТОРИНГ НА ЗАГАДЕНОСТ НА ВОЗДУХ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Почната е постапка за поставување на дисплеј во Жена парк којшто ќе го покажува степенот на загаденост на воздухот во градот. Квалитетот на воздухот во градот континуирано го следи тим од експерти.

**ПРОЕКТ:** МОНИТОРИНГ НА ЗАГАДЕНОСТА НА РЕКАТА ВАРДАР ВО СКОПЈЕ

Досега е изградена мрежа за мониторинг на загаденоста на реката Вардар, а истражувачкиот мониторинг ги опфаќа изворот Рашче и бунарските извори кај Лепенец.

**ПРОЕКТ:** ИЗРАБОТКА НА НОВ ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Конструиран е Локалниот комитет за изработка на ЛЕАП 2 на Град Скопје којшто треба да го подготви вториот Локален еколошки акционен план за Скопје.

**ПРОЕКТ:** ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИТЕ ПЛОЧИ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Град Скопје ја почна постапката за отстранување на азбестните покриви во 11 средни училишта коишто се под негова надлежност. Дополнително, изготвена е методологија за справување со азбестниот отпад, како и елаборати за влијанието врз животната средина при отстранувањето, транспортот и депонирањето на азбестот.

**ПРОЕКТ:** КОМПОСТИРАЊЕ НА ОТПАДОТ ОД ПАРКОВИТЕ И ОД ПРЕОСТАНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА НИВО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Градот Скопје го почна компостирањето на лисјата собрани од јавните зелени површини и првите резултати од компостарата во дворот на ЈП “Паркови и зеленило” се очекуваат во јули.

**ПРОЕКТ:** УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНИ КОРИТА

Во јули 2009 година беше спроведена голема акција за чистење на коритото на реката Вардар, којашто заеднички ја реализираа Градот Скопје, Министерството за транспорт и врски и скопските општини.

**ПРОЕКТ:** УРЕДУВАЊЕ НА ПАРК-ШУМАТА ВОДНО

Во 2009 година целосно беа реновирани и пуштени во употреба двата видиковци на Водно. Исто така, извршена е санација на патот од Средно Водно до Св. Пантелејмон. Во тек е јавна набавка за осветлување на видиковците со штедливи светилки.

**ПРОЕКТ:** РЕАКТИВИРАЊЕ НА НОЌНАТА АТЛЕТСКА ТРКА НА 13. НОЕМВРИ

По повод “Денот на ослободувањето на Скопје” – 13 ноември, Градот Скопје ја реактивира ноќната атлетска трка по улиците на градот. Оваа спортска манифестација има тенденција да прерасне во традиција.

**ПРОЕКТ:** ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА

Се работи на изградба на новите живеалишта, реновирање на старите и носење нови животни.

**ПРОЕКТ:** ЗГОЛЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Во 2009 година направени се и хортикултурно уредени средишни жардиниери на булеварите со вкупна површина од 28.376 м2, а во должина од 6.469 метри. Исто така во 2009 година се реконструирани зелени површини на подрачјето на Град Скопје во вкупна површина од 44.428 м2.

**ПРОЕКТ:** ЧИСТО СКОПЈЕ

Големата акција за чистење на Скопје под мотото „Заедно за чисто и зелено Скопје“ беше реализирана со голем успех. Масовната акција, иницирана од градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски беше спроведена во соработка со десетте скопски општини. Екипите на јавните градски претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“, „Водовод и канализација“ и „Улици и патишта“ беа мобилизирани и максимално ангажирани во голема акција за чистење на Скопје.







Дополнително, во процедува е набавка на 6 нови возила за ЈП "Комунална Хигиена", коишто треба да простигнат до крајот на годинава.

Во тек е набавка на 12 нови возила за комунална хигиена. Со одлуката на Советот за задолжување, со планираниот кредит од Светска банка ќе се набават 20 нови возила за ЈП „Комунална хигиена" и 120 литарски канти за отпад во вредност од 60 милиони денари.

**ПРОЕКТ: ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ГРАД СКОПЈЕ**

Донесен е планот за управување со отпад во периодот од 2010-2015 година. Врз основа на овој план, донесена е програмата за управување со отпад во 2010 година каде што се предвидени повеќе мерки чија основна цел е создавање услови за намалување на количеството на отпад.

**ПРОЕКТ: ЗИМСКА СЛУЖБА**

Во 2010 година Зимската служба успешно се справи со снежните наноси и обезбеди проодност на скопските улици. На коловозите беа фрлени 2.183 тони сол помешани со ризла.

**ПРОЕКТ: ДРИСЛА**

Формирано е ново јавно претпријатие „Дрисла" коешто треба да работи според сите европски стандарди за депонирање и обработување на отпадот.

**ПРОЕКТ: ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКАТА ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ПОВРШИНИ И ПАРКОВИ**

Почна изградба на бунари со опрема за наводнување на зеленилото со технолошка вода во Градски парк. Воедно ќе се обнови и реконструира системот за полевање на зеленилото во првиот дел на Градскиот парк.

**ПРОЕКТ: КУПУВАЊЕ НОВИ КОНТЕЈНЕРИ И КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ**

Во тек е набавка на 120 литарски канти во вредност од 60 милиони денари преку кредит од Светската банка.

Претходно, како донација од Владата на РМ, добиени се 1314 контејнери и 5000 канти за селектирање на отпадот.

**ПРОЕКТ: ЗГРИЖУВАЊЕ НА УЛИЧНИТЕ КУЧИЊА**

Градот Скопје набави:

- ново возило за заловување на кучиња-скитници, 10 нови кафези коишто ќе се користат при заловувањето, 10 нови јамки за заловување, 3 силиконски јамки за заловување, 3 мрежи со обрач и 3 мрежи со рачки.
- Зголемен е бројот на персоналот во стационарот Вардариште.
- Во постапка е јавната набавка за избор на најповолен изведувач за двојно проширување на капацитетот на стационарот Вардариште.
- Организирани се посебни акции за вдомување на животни скитници, третирани во Стационарот, а определени се денови за посета на Стационарот и вдомување на кучиња.

**ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ОД ДВЕТЕ СТРАНИ НА РЕКАТА ВАРДАР**

Пешачката патека на десната страна е речиси целосно завршена. Во текот на годинава треба да се заврши патеката на левата страна од хотелот Холидеј Ин до мостот Близнак.

**ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Досега е продолжена велосипедската патека за дополнителни неколку километри, од Транспортниот центар до Мостот близнак во општината Аеродром. Пуштена е во употреба и велосипедската патека по булевар Јане Сандански и Кузман Јосифовски - Питу до Транспортниот центар.

Деновиве привршува асфалтирањето и уредувањето на ролерско-велосипедската патека на левата страна на реката Вардар, на потегот од фабриката „Комуна" до центарот на градот.

**ПРОЕКТ: ВОСПОСТАВУВАЊЕ "ЗЕЛЕНИ БРАНОВИ" НА НАЈФРЕКВЕНТНИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ ВО ГРАДОТ**

Досега е воспоставен зелен бран на булевар Гоце Делчев на потегот од Скопски саем до крстосницата кај МНТ. Ставена е во функција координација на 36 семафоризирани крстосници во градот.

**ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Во тек се:

- подготвителните работи за изградба на вториот дел од улицата Македонска војска.
- подготвителните работи за реконструкција на улицата Благоја Стефковски - се разгледува можноста за спојувањето на булеварот Христијан Тодоровски Карпош со обиколницата.

**ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БУЛЕВАРИ И УЛИЦИ**

Редовно се санираат сите градски улици и булевари. За таа намена во буџетот за 2010 се одвоени 229 милиони денари, а за првпат беа реализирани масовни акции за крпење на дупките во коишто беа вклучени 4 фирми.

**ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛ. „ПРВОМАЈСКА" ОД СЕМАФОРИТЕ КАЈ УСЈЕ КОН НАСЕЛБАТА ДРАЧЕВО**

Градот Скопје ги почна подготовките за пришируваењето на Булеварот Првомајска од семафорите кај "Усје" кон населбата Драчево. Изградбата на булеварот ќе се одвива во неколку етапи.

**ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛ. ИЛИНДЕН ОД ФОНТАНА ЛОТОСОВ ЦВЕТ КОН КАРПОШ И ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Почна проширувањето на Булевар Илинден од Фонтаната Лотосов Цвет до крстосницата на улица Рузвелтова. Во наредниот период ќе почне и проширувањето на Булеварот Илинден од објектот на Владата на Република Македонија до фонтаната Лотосов цвет.

**ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ И ДОИЗГРАДБА НА БУЛ. „СРБИЈА"**

Проширување на булеварот Србија се реализира според предвидена-



та градежна динамика до реализација на целосната траса од 1 700 метри. По пробивањето на првите 700 метри од проширувањето на булеварот Србија на потегот од крстосницата со булеварот Видое Смилевски Бато, кон крстосницата со булеварот 3 Македонска бригада и асфалтирањето на површина од 5500 квадратни метри изминатиот период се работеше на земјени ископи и на целосна реконструкција на крстосницата меѓу булевар Србија – Трета Македонска бригада – булевар 12 Македонска бригада.

**ПРОЕКТ: КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА НА СЕМАФОРИТЕ СО ВИДЕОНАДЗОР И ПАТНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

Во тек е постапката за набавка на 30 РСУ уреди и лиценци. Дополнително, Градот работи на формирање на Центар за управување и контрола на сообраќајот.

**ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

Вертикалната сигнализација на сообраќајниците редовно се проверува и обновува.

**ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА КАТНИ ГАРАЖИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ**

Распишан е тендер за изградба на две катни гаражи

**ПРОЕКТ: ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Зонското паркирање е воведено во општините Центар и Аеродром, а постои можност за воведување зонско паркирање во другите скопски општини.

**ПРОЕКТ: ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈАТА ОД Р.ВАРДАР ДО ИНЏИКОВО**

Фекалната канализација од реката Вардар до населеното место Инџиково е завршена и истата е пуштена во употреба.

**ПРОЕКТ: ДОИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА СИНГЕЛИЌ И СТАЈКОВЦИ**

Во тек е изградбата на примарната фекална мрежа за населените места Ченто и Стајковци.

**ПРОЕКТ: ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ОД НАСЕЛБАТА НОВО ЛИСИЧЕ ДО ГОРНО ЛИСИЧЕ СО ПРЕПУМПНА СТАНИЦА**

Во тек е изградбата на фекален колектор од населбата Ново Лисиче до Горно Лисиче. Фекалната канализација е долга 1.200 метри, а за нејзината изградба се одвоени 18 милиони денари, пари од буџетот на Градот Скопје.

**ПРОЕКТ: ЗАМЕНА НА ВОДОВОДНИТЕ АЗБЕСТНО-ЦЕМЕНТНИ ЦЕВКИ**

Ова е тековна активност којашто се реализира во континуитет. Секоја година ЈП „Водовод и канализација“ во својата инвестициона програма одвојува околу 100 милиони денари за оваа намена.

**ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ТЕНЕЌЕ МААЛО**

Во оваа населба во фаза на реализација е изведбата на водоводната, фекалната и атмосферска канализација.

**ПРОЕКТ: ДОИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ЗА НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ЉУБАНЦИ**

Во јули 2009 година почна втората фаза на изградбата на канализационата мрежа за населеното место Љубанци, во должина од 1,5 километри.

**ПРОЕКТ: ДОИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ГОРНО И ДОЛНО ЛИСИЧЕ**

Досега е извршена реконструкција и изведба на нова водоводната мрежа во Горно Лисиче, во должина од приближно осум километри на улиците коишто гравитираат кон дел од улицата Тодор Чангов, по улицата Божин Николов и улицата Василие Ѓуровиќ, по улицата Горно Врановска и краците кои гравитираат кон неа , по дел од улица Тодор Чангов и улица Ѓорѓи Капчев.

**ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ СО ПРЕПУМПНА СТАНИЦА**

Изградбата на фекалниот канализационен систем во Долно Лисиче е во завршна фаза.

**ПРОЕКТ: ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВИНИЧЕ, РАШТАК И КАМНИК**

Пуштена е во употреба секундарната водоводна мрежа во населеното место Камник.

**ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА ПИНТИЈА**

Досега се изградени резервоарот и потисниот цевковод во населбата Пинтија.

**ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ОКОЛУ РЕЗЕРВОАРОТ ВО ШУТО ОРИЗАРИ И СПОЈУВАЊЕ СО ПОСТОЈНАТА УЛИЧНА МРЕЖА**

Пуштена во употреба е новата хидрофорска постројка и потисниот цевковод до постојната водоводна мрежа на улица Бутелски венец со што се подобри водоснабдувањето на високиот дел од населбата Шуто Оризари.

**ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИЗАЦИИ**

Редовно се чисти атмосферската канализација во градот.

**ПРОЕКТ: ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Во тек е изработка на проект за реконструкција на двата изложбени салони во Музејот на Град Скопје.

**ПРОЕКТ: БИЕНАЛЕ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ ОД ЕВРОПА И ОД МЕДИТЕРАНОТ**

Во 2009 година, Скопје беше домаќин на Биеналето на млади уметници од Европа и од Медитеранот.







**ПРОЕКТ: МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР**

За реконструкција на МКЦ Градот Скопје годинава во буџетот одвои 4.6 милиони денари.

**ПРОЕКТ: ЗА УБАВОТО**

Под мотото „Види музика, слушни слика, добиј книга", се одржа традиционалниот мултимедијален концерт на Македонската филхармонија именувана како „А сега - уметност", а на присутните дополнително им беа поделени 20.000 примероци од делото „Новела за сонот" од Артур Шницлер.

**ПРОЕКТ: МУЗИЧКИ ПРИКАЗНИ**

Уличните свирачи веќе подолг период ги забавуваат граѓаните на Скопје.

**ПРОЕКТ: ДКЦ „КАРПОШ"**

Минатата година објектот на Детскиот културен центар - Карпош беше целосно реконструиран за што Град Скопје одвои 6 милиони денари.

**ПРОЕКТ: РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА КАКО ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА**

Град Скопје учествуваше во организирањето на поголем број културно – забавни манифестации со цел ревитализација на Старата скопска чаршија.

**ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА МАТКА И РАЗВОЈ НА ЕКОТУРИЗАМ**

- Направени се проекти за патеките од пештерата Врело до пештерите Крштелна и Убава, како и за патеката од Св. Андреа до манастирот Св. Недела.

- Изработени проекти за уредување на пештерата Врело и поставување заштитна ограда од клинот до Висок Рид.

- Изработен е проект за висечки мост, за трите паркиралишта и за Природно-научниот музеј.

**ПРОЕКТ: ПРОМОТИВНИ ТУРИСТИЧКИ ПАНОА**

Во тек е изработката на промотивните туристички паноа за Скопје. Како дел од овој проект на Матка ќе се постават сигналитички табли.

**ПРОЕКТ: СПОРТСКИ ТУРИЗАМ**

Езерото Матка е порибено со ендемична пастрмка, а порибено е и езерото Треска на коешто се одржа првото Балканско првенство во риболов.

**ПРОЕКТ: БИДИ ВОЛОНТЕР**

Досега, Град Скопје и здружението на граѓани Федерација на млади Скопје, заеднички реализираа трибина на којашто се иницираше креирањето на Локалната стратегија за млади на Град Скопје и реализираа дводневна Локална конференција за млади. Градот Скопје во соработка со Центарот за неформално образование "Триаголник", реализираше Регионална конференција за млади.

**ПРОЕКТ: САНАЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Досега се извршени повеќе инфраструктурни зафати и помали рекострукции во сите средни училишта под надлежност на Град Скопје. Во тек е јавна набавка за реконструкција на повеќе средни училишта, а најпрво ќе бидат санирани дотраената столарија и санитарни јазли.

**ПРОЕКТ: ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ВИСОКИ УЧИЛИШНИ ПОСТИГНУВАЊА И ПОДДРШКА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ И МАНИФЕСТАЦИИ**

Проектот се реализира во континуитет преку промоција на првенците на генерацијата, учеството во манифестацијата Парада на матурантите и малите грантови за поддршка на учениците и наставниците за учество во државните и меѓународните натпреварувања.

**ПРОЕКТ: ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Овој проект се реализира преку одбележувањето на патронатите и јубилеите на училиштата за што Градот обезбедува финансиска поддршка.

**ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА**

Се организираат редовни размени на ученици со училишта од збратимените градови Темпи, Аризона, и Рубе, Франција. Отворено е и француско катче (библиотека) во СУГС "Орце Николов". Преземени се активности за збратимувања на скопските училишта со училишта од збратимениот град Истанбул, Р.Турција.

**ПРОЕКТ: СРЕДНОШКОЛСКИ ЛИГИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Почнаа да се одржуваат организирани спортски натпреварувања на ниво на 28 средни училишта од Скопје во кошарка, фудбал, одбојка и ракомет.

**ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПНИ РАМПИ ДО СИТЕ ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО СКОПЈЕ**

- Поставени се вкупно 23 пристапни рампи во 5 културни институции и 12 средни училишта коишто се во надлежност на Град Скопје;

- Почната е постапка за набавка, вградување и пуштање во употреба на еден лифт за лица со посебни потреби во средното училиште „Михајло Пупин";

- Ќе следува набавка, вградување и пуштање во употреба на еден лифт и платформа за лица со посебни потреби во средното училиште „Арсени Јовков".

**ПРОЕКТ: ОТВОРАЊЕ НА СОВЕТУВАЛИШТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ДРОГА И ДРУГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА"**

- Континуирано и активно функционира Координативното тело за дроги на Град Скопје;

- Почна проектот за примарна превенција од злоупотреба од дроги на Град Скопје;







**ПРОЕКТ:** **ДОСТАПНОСТ НА ПРОТИВПОЖАРНАТА СЛУЖБА ДО СИТЕ ГРАЃАНИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Се разгледува можноста за изградба на противпожарна станица во општина Ѓорче Петров.

**ПРОЕКТ:** **ПРЕТКВАЛИФИКАЦИЈА ЗА ПРОФИЛОТ ПОЖАРНИКАР**

Успешно е реализиран и во целост завршен проектот за изработка на програма за прекфалификација во профил пожарникар во рамки на образовниот систем. Истата се спроведе во соработка со Бирото за развој на образование и СУГС „Марија Кири - Склодовска", којашто е верификувана од Министерството за образование.

**ПРОЕКТ:** **НАБАВКА НА ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА**

Во тек е процедува за набавка на едно навално противпожарно возило, како и за набавка на две теренски возила со зголемена проодност (4х4). Во тек е и процедува за набавка на два гумени спасувачки чамци.

**ПРОЕКТ:** **САНАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ**

Направени се градежни зафати за поставување кос покрив на гаражите во потцентарот Тафталиџе, направена е реконструкција на бањите и санитарните јазли во Центар и во Автокоманда.

**ПРОЕКТ:** **ПРОМЕНА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ЕДИНИЦИ**

Во тек е изработка на методолгијата за распредлба на средствата за против пожарните единици, којашто целостно би била готова до крајот на првата половина од 2010 година

**ПРОЕКТ:** **ДИГИТАЛНИ СЕРТИФИКАТИ ЗА Е-УСЛУГИ**

Набавени се 40 сертификати коишто ќе се употребуваат за електронски јавни набавки. Во тек е подготовка за набавка на серверски дигитален сертификат што ќе овозможи директна размена на дигитални информации помеѓу Град Скопје, КИБС и Македонско кредитно биро.

**ПРОЕКТ:** **ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНИ ИНТЕРНЕТ-ТОЧКИ**

Во паркот Жена борец, промовиран е проектот за бесплатни интернет точки во Скопје, со кој на граѓаните на Скопје им се овозможува беспатен бежичен интернет пристап, без лозинка и може да го користи секој што има пренослив компјутер или друг уред, како мобилен телефон, кој има можности за бежична конекција. Бесплатен бежичен интернет има и во Градскиот парк.

**ПРОЕКТ:** **АКТИВНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, АСОЦИЈАЦИИ И МРЕЖИ НА ГРАДОВИ**

Тековно се реализираат активностите на Град Скопје во меѓународните организации, асоцијации и мрежи на градови. Редовно се следнат активностите на овие меѓународни организации и се анализира потребата и корисноста од учеството во настаните и активностите на тие мрежи. Реализирано е учество на годишното собрание на AIMF, на конференцијата на Унијата на главните градови на земјите на централна и југоисточна Европа, како и учество на работната група за пропишување политика на соседство во рамките на мрежата на градови- Eurocities.

**ПРОЕКТ:** **АКТИВНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ СО ЗБРАТИМЕНИТЕ ГРАДОВИ**

Досега се остварени:

Размена на средношколци со збратимените градови Рубе, (Франција) и Темпи, Аризона (САД);

Реализирана е посета на делегација на градот Нирнберг;

Реализација на примањето на донацијата на противпожарна опрема од збратимениот град Нирнберг;

Посета на Градоначалникот Трајановски на Љубљана,;

Посета на заменик-градоначалникот на збратимениот град Дижон на Скопје;

Посета на делегација на Град Скопје на Загреб;

Посета на заменик-градоначалникот на Софија на Скопје;

Посета на делегација на Град Скопје (членови на Совет на Град Скопје) на збратимениот град Истанбул, Турција, со цел иницирање на збратимување на средни училишта од двата града.

**ПРОЕКТ:** **ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА**

-Градот Скопје и градовите Загреб, Сараево и Подгорица, покренаа иницијатива за проектот „Зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со енергијата во градовите";

-Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, го потпиша договорот за учество на градот Скопје во реализација на проектот NICHE+. NICHE+ е проект за промоција на иновативни мерки за поефикасен и одржлив урбан транспорт во градовите;

-Градоначалникот Коце Трајановски учествуваше на инфо-денот за секторската подпрограма Комениус во организација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Европската комисија ;

-Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски присуствуваше на свеченото отворање на Центарот за документација и информација во средното училиште „Орце Николов";

-Се преземаат активности во правец на јакнење на соработката со градовите Загреб, Белград и Софија (се планира потпишување на договори за збратимување со Загреб и со Софија).

**ПРОЕКТ:** **ПОСЕБЕН ФОНД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ НА НВО**

Во 2009 година Градот Скопје објави јавен повик за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации. Во рамките на овој повик беа поддржани 16 здруженија на граѓани.

**ПРОЕКТ:** **ФОРМИРАЊЕ НА НВО-ЦЕНТАР**

Во просториите на Младинскиот културен центар Градот Скопје отвори НВО-центар. Беше извршена и промоција на новиот НВО портал, www.skopje.gov.mk/nvo.

# НОВИ ВОЗИЛА ЗА „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“ И „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“

Градот Скопје набави 6 нови камиони за собирање смет, за потребите на ЈП „Комунална хигиена”. Се планира набавка на уште 12 нови возила за „Комунална хигиена“. Со планираниот кредит од Светската банка ќе



се набават 20 нови возила за ЈП „Комунална хигиена“ и 120 литарски канти за отпад во вредност од 60 милиони денари.



Градот Скопје набави и четири возила што се наменети за подобрување на работата на ЈП „Паркови и зеленило“. Станува збор за едно возило-цистерна, коешто ќе се користи за полевање на зелените површини, едно товарно возило, ровокопач и едно возило со платформа за поткастрување високи гранки.



## КИНО „МИЛЕНИУМ“ ГИ ОТВОРИ ВРАТИТЕ

Киното „Милениум“ повторно ги отвори вратите за љубителите на филмот. На иницијатива на градоначалникот Коце Трајановски, Градот Скопје склучи договор со Градскиот трговски центар за преземање на киното „Милениум“, а со него ќе стопанисува Младинскиот културен центар. Влезницата за редовните кино-проекции чини 100 денари.



## ТРИ ВОЗИЛА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДИТЕТ

Градот Скопје набави три возила специјално адаптирани за потребите на лицата со потешка инвалидност. Возилата се опремени со специјална, автоматски управувана рампа за подигнување на инвалидската количка и друга опрема што овозможува безбедност на корисниците. Овие возила ќе овозможат подобрување на квалитетот на живеење на лицата со потешка инвалидност, нивна поголема мобилност и вклученост во општествените текови.

## САНИРАН ПАТОТ СРЕДНО ВОДНО – ПАНТЕЛЕЈМОН

Оштетените делови на патот од Средно Водно до манастирот „Свети Пантелејмон“ добија нов асфалт. Вкупно беа асфалтирани 4.438 квадратни метри.

## АКЦИЈА ЗА КРПЕЊЕ УДАРНИ ДУПКИ

Редовно се спроведуваат акции за санирање ударни дупки на градските улици.

## ОБНОВЕНИ ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ НА МОСТОВИТЕ

Екипи на Градот Скопје ги асфалтираа пешачките и велосипедските патеки од двете страни на мостовите „8.Септември“ и „Обединети нации“. Обновен е и подвозникот на булеварот 8.Септември.



## АСФАЛТЕН ПАТ ГО ПОВРЗА ВОЛКОВО СО ОБИКОЛНИЦАТА

Пуштен е во употреба пристапниот пат од Волково до северната обиколница. Патот е долг 846 метри, со две ленти од по 3,5 метри и тротоари од по 2,5 метри.




## КОПАНИЦА – РАШЧЕ

Пуштен е во употреба асфалтираниот пат Копаница – Рашче, во должина од 698 метри. За реконструкција на овој дел од патот Копаница – Рашче Градот Скопје потроши околу 5 милиони денари. Обновата на патот им го олеснува пристапот на жителите на двете села до Скопје, а во истовреме овозможува поврзување со кружниот пат Скопје – Тетово.

## МОНИТОРИНГ НА ПОДЗЕМНИТЕ И НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ

Градот Скопје од август 2009 година воспостави мониторинг на површинските и на подземните води во заштитните зони на изворот Рашче и на бунарското подрачје Нерези-Лепенец, односно на водите што ги хранат овие извори. За следење на подземните води се изведени 18 нови пиезометри во делот на активностите за Рашче и 15 во делот на Скопско Поле и Нерези-Лепенец.

Градот Скопје во јануари 2010 година ги почна и трасерските испитувања на површинските и на подземните води во Скопско Поле и во Полошката Котлина, со посебен осврт на изворот и на бунарското подрачје. Со нив се определува староста и штедроста на водите, механизмот на хранење на изворите и слично.



## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРКИНГ-КАПАЦИТЕТИТЕ

Зонско паркирање во општините Центар и Аеродром. Се разгледуваат можностите за воведување зонското паркирање и во другите скопски општини. Распишан е тендер за изградба на две катни гаражи.



## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈАТА ОД Р.ВАРДАР ДО ИНЏИКОВО

Фекалната канализација од реката Вардар до населеното место Инџиково е завршена и истата е пуштена во употреба.

## ДОИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА СИНГЕЛИЌ И СТАЈКОВЦИ

Во тек е изградбата на примарната фекална мрежа за населените места Ченто и Стајковци.

## ЗАМЕНА НА ВОДОВОДНИТЕ АЗБЕСТНО-ЦЕМЕНТНИ ЦЕВКИ

Тековна активност што континуирано се реализира. ЈП „Водовод и канализација" во својата годишна инвестициона програма одвојува околу 100 милиони денари за оваа намена.



## ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ОД НАСЕЛБАТА НОВО ЛИСИЧЕ ДО ГОРНО ЛИСИЧЕ СО ПРЕПУМПНА СТАНИЦА

Во тек е изградбата на фекален колектор од населбата Ново Лисиче до Горно Лисиче. Фекалната канализација е долга 1.200 метри.



## ЗАВРШЕНА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА КАЈ „УСЈЕ"

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБАТА ДРАЧЕВО

Реализацијата на фекалниот колектор е во завршна фаза.

## ДОИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ЗА НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ЉУБАНЦИ

Во јули 2009 година почна втората фаза на изградбата на канализационата мрежа за населеното место Љубанци, во должина од 1,5 километри.

## ДОИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ГОРНО И ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ

Досега е извршена реконструкција на старата и изведба на нова водоводната мрежа во Горно Лисиче, во должина од приближно осум километри.



## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ СО ПРЕПУМПНА СТАНИЦА

Изградбата на фекалниот канализационен систем во Долно Лисиче е во завршна фаза.



## ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВИНИЧЕ, РАШТАК И КАМНИК

Пуштена е во употреба секундарната водоводна мрежа во населеното место Камник.

## ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА ПИНТИЈА

Изградени резервоарот и потисниот цевковод во населбата Пинтија.



## ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО ШУТО ОРИЗАРИ И СПОЈУВАЊЕ СО ПОСТОЈНАТА УЛИЧНА МРЕЖА

Пуштена е во употреба новата хидрофорска постројка и потисниот цевковод до постојната водоводна мрежа на улица Бутелски венец, со што се подобри водоснабдувањето на високиот дел од населбата Шуто Оризари.

## БИЕНАЛЕ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ ОД ЕВРОПА И ОД МЕДИТЕРАНОТ

Во 2009 година, Скопје беше домаќин на Биеналето на млади уметници од Европа и од Медитеранот.

## РЕАКТИВИРАНА НОЌНАТА АТЛЕТСКА ТРКА НА 13. НОЕМВРИ

По повод Денот на ослободувањето на Скопје – 13 Ноември, Градот Скопје ја реактивира ноќната атлетска трка по градските улици. Оваа спортска манифестација се планира да прерасне во традиционална.



## МУЗИЧКИ ПРИКАЗНИ

Уличните свирачи веќе подолг период ги забавуваат граѓаните на Скопје.

## УРЕДУВАЊЕ НА МАТКА И РАЗВОЈ НА ЕКОТУРИЗАМ

Изработени проекти за уредување на пештерата Врело.



## ДКЦ „КАРПОШ“

Минатата година беше целосно реконструиран објектот на Детскиот културен центар – Карпош.



## СПОРТСКИ ТУРИЗАМ

Езерото Матка порибено со ендемична пастрмка. Порибено е и езерото Треска на коешто се одржа првото Балканско првенство во риболов.

## САНАЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Досега се извршени повеќе инфраструктурни зафати и помали рекострукции во сите средни училишта под надлежност на Град Скопје.



## ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ВИСОКИ УЧИЛИШНИ ПОСТИГНУВАЊА И ПОДДРШКА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ И МАНИФЕСТАЦИ

Парада на матурантите- манифестација што истовремено се одржува во повеќе европски градови.

## КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА УБАВОТО

Под мотото „Види музика, слушни слика, добиј книга“, се одржа традиционалниот мултимедијален концерт на Македонската филхармонија именувана како „А сега - уметност“, а на присутните дополнително им беа поделени 20. 000 примероци од делото „Новела за сонот“ од Артур Шницлер.







## СРЕДНОШКОЛСКИ ЛИГИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Се одржуваат организирани спортски натпреварувања на ниво на 28 средни училишта од Скопје во кошарка, фудбал, одбојка и ракомет.





## КОМПОСТИРАЊЕ НА ОРГАНСКИОТ ОТПАД

Градот Скопје го почна проектот за компостирање на лисјата собрани од јавните зелени површини. Првите резултати од компостарата сместена во дворот на ЈП „Паркови и зеленило“ се очекуваат во јули.



## ФОРМИРАЊЕ НВО-ЦЕНТАР

Градот Скопје во просториите на Младинскиот културен центар отвори НВО-центар, а беше промовиран и новиот НВО портал, www.skopje.gov.mk/nvo

## ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПНИ РАМПИ ДО СИТЕ ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО СКОПЈЕ

Поставени се вкупно 23 пристапни рампи во 5 културни институции и 12 средни училишта коишто се во надлежност на Град Скопје.

## САНАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ НА ПРОТИВПОЖАРНАТА БРИГАДА

Поставен е кос покрив на гаражите во потцентарот Тафталице и направена е реконструкција на бањите и санитарните јазли во Центар и во Автокоманда.

## ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Градот Скопје се вклучи во меѓународниот проект на Европската асоцијација за локална одржлива енергија - „Градење капацитети за управување со енергијата во градовите“.

Во текот на 2009 година на градските сообраќајници беа поставени 3.100 нови светилки. Со нив се обезбедува заштеда на енергија од 3 гигавати електрична енергија на годишно ниво, а се намалуваат и трошоците за нивно одржување. Со тоа, Град Скопје има заштеда од 120.000 евра годишно.

## ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА ЗА ПРОФИЛОТ ПОЖАРНИКАР

Успешно е реализиран и во целост завршен проектот за изработка на програма за прекфалификација во профил пожарникар во рамки на образовниот систем. Истата се спроведе во соработка со Бирото за развој на образование и СУГС „Марија Кири – Склодовска“, и е верификувана од Министерството за образование и наука.




## ПОСТАВУВАЊЕ БЕСПЛАТНИ ИНТЕРНЕТ-ТОЧКИ

Во паркот Жена борец, промовиран е проектот за бесплатни интернет точки во Скопје, со којашто на граѓаните на Скопје им се овозможува беспатен бежичен интернет пристап, без лозинка и може да го користи секој што има пренослив компјутер или друг уред, како мобилен телефон, што има можности за бежична конекција, бесплатен бежичен интернет има и во Градскиот парк.

